# Кукли

Куклите може да содржат широк спектар на опасните хемикалии, бидејќи тие се направени од пластика, кадифе и картон, носат облека и накит или содржат електронски компоненти. Еден неодамнешен германски еко-тест за безбедност (Ökotest декември 2007) покажа дека 12 од 15 кукли не успеаја да се усогласат со европските стандарди за безбедност. На крајот од 2009 г. тестирани од еден француски инситут на потрошувачи беа пронајдени фаталати и нитратни бои кај 3 од 6 тестирани кукли.



## Совети!

- **Избегнувајте купување** на мали кукли! Тие често се класифицираат како декорација, и затоа не се предмет на законски ограничувања за хемикалии
- **Купувајте кукли** од партали или органски кукли со еко-етикети
- **Мијте ги полнетите кукли** пред употреба



## Совети!

- **Побарајте производи** од природно или органско производство и побарајте Öko-Tex-100 и други еко-ознаки
- **Измијте ги и** изветрејте ги играчките пред употреба
- **Избегнувајте подарок играчки** или бесплатно дистрибуирани како дел од промоција. Тие најчесто се класифицираат како декорација и затоа не се предмет на истражување за нивото на хемикалии во игралките

# Кадифени играчки

Во оваа категорија на играчки влегуваат кадифените мечки и полнети играчки. Играчките со долга или синтетички кожа често содржат алергени и опасните запалливи хемикалии, како и влакна кои може да бидат проголтани од дете. Рејтинг за 'Најдобро купување' е достапен од страна на списанието на Етичките потрошувачи: http://www.ethicalconsumer.org/ FreeBuyersGuides / babychild / toyssoft.aspx

# Дрвени играчки

Огромна низа на достапни дрвени играчки вклучува сложувалки, градежни блокови, куќи за кукли, фарми и сл. Неофарбаните цврсти дрвени играчки обично се потполно безбедни, но, некои дрвени играчки може да биде опасни. Дрвените играчки кои содржат лепак можат да содржат канцерогени хемикалии, формалдехид. Родителите треба да внимаваат на лаковите и на боите кои можат да содржат олово или други тешки метали. Ниту една од дрвените сложувалки не го помина германскиот еко-тест за безбедност (Ökotest) во ноември 2008 година. Тринаесет од 15 играчки тестирани од страна на француската агенција содржат формалдехид и тешките метали (извештај од крајот на 2009).

## Совети!

- **Купувајте цврсти дрвени играчки** со што помалку залепени делови.
- **Купувајте и нелакирани и небојадисани играчки** и секогаш кога е можно барајте играчки кои не се токсични и кои имаат природни бои
- **Изберете FSC и PEFC етикети** за играчки произведени од одржливо стопанисување со шумите.



## Совети!

- **Изберете природни гумени играчки**
- **Видете дали имаат етикета "без ПВЦ"** или "без фталати"
- **Избегнувајте производи кои силно мирисаат** на хемикалии



# Пластични играчки

Меките пластични играчки како играчки од синтетичка гума играчки, балони, меки играчки итн може да предизвикаат хормонални попречувања како резултат на присутност на фталати и бисфенол - А. Во 2009-та година според една германски студија најдени се високи стапки на фталати во детските примероци од крв и урина. Во 2008 година германскиот Ökotest тестираат играчки за PAH (полицикличните ароматични јаглеводороди), за кои е познато дека се канцерогени, нашле висока концентрација во 50 проценти од примероците. Тешките пластични играчки се побезбедни, бидејќи тие се со помала веројатност дека содржат фталати. Меѓутоа, тие исто така може понекогаш да содржат тешки метали и други опасни супстанци.

# Уметнички материјали и козметика

Оваа категорија вклучува боички, пенкала, бои, материјали со кои се игра со прст и се става на лице, и козметички колекции, кои може да содржат олово, формалдехид и фталати. Во 2009, на Канадското Федерално Одделение за здравје најдоа неприфатливо високо ниво на тешки метали, како олово, арсен, жива, кадмиум и антимон во бои кои се на дофат на деца и со кои се црта по нивното лице.

## Совети!

- **Не купувајте мирисливи играчки,** бидејќи тие можат да предизвикаат алергии кои потоа неможат да се излечат
- **Одберете производи со растителните бои** и без конзерванси





## Совети!

- **Проверете на "Гринпис"** за рејтингот на електронски компании и нивните правила за токсичност: - http://www.greenpeace.org/international/campaigns/toxics/electronics
- **За мали деца се избегне** купување на електронски играчки и играчки кои работат на батерии.

# Електронски играчки

Тие вклучуваат батерија-придвижувач и електронски производи, како што се игри, конзоли, мобилни телефони, електрични автомобили, возови и компјутери. Опасноста е во тоа што вклучуваат запалливи материјали, како и ризик од труење со протекување на батериите кои содржат олово, жива и други опасни хемикалии.

# Заштитете ги децата – избегнете ги опасните хемикалии!

## Во што е проблемот?

Многу играчки содржат синтетички материи, за кои е познато дека може да бидат опасни за здравјето на децата. Тие можат да предизвикаат нарушување хормоналниот систем, рак, алергии и други негативни здравствени ефекти. Дали знаевте дека играчки имаат највисока стапка на сите производи во ЕУ? Меѓутоа, независни тестови потврдуваат дека скоро сите од тие опасни хемикалии, може да бидат заменети со побезбедни алтернативи.

## Зошто децата се особено ранливи?

Децата се многу чувствителни на изложеност на токсични хемикалии, затоа што тие постојано растат. Тие дишат воздух повеќе, трошат повеќе храна и пијат повеќе вода од возрасните не, пропорционално на нивната тежина. Детскиот централен нервен систем, имунолошкиот, репродуктивни и дигестивниот систем се уште се во развој. Тие се однесуваат поинаку од возрасните и имаат различни шеми на изложеноста, како што е на пример ставањето на играчки во уста. Следствено, тие апсорбираат повеќе опасни хемикалии од старите луѓе. Децата се изложени на различни опасни хемикалии од многу различни извори во секојдневните производи, како и производи за нега на телото, мебел, и во прашина и воздухот во затворените простории. Дури и најмалите износи на овие опасни хемикалии, може да предизвикаат долгорочни, а понекогаш и доживотно негативни здравствени ефекти. Истражувањата покажуваат дека изложеноста на опасните хемикалии, може да се поврзани со зголемување на болестите кај деца од рак и хронични болести.
За повеќе информации, посетете ги нашите веб-страни www.projectnesting.org, и www.wecf.eu.

## Дали постојат закони кои штитат?

Преку распространетата Директива на ЕУ-за играчки и Европската легислатива за хемикалии, РЕАЦХ, недоволно ги штитиме нашите деца, бидејќи многу опасни хемикалии се уште с е дозволени. Исто така,од производителите на играчки не се бара листа на хемикалии кои се користат во изработката на играчката, дури и ако се присутни опасни хемикалии во истата.

## Како може овој водич за играчки да ви помогне?

Постојат само неколку етикети и не тестирани обележувања кои се бараат за присуство на хемиски 'состојки' во играчките. Ова го отежнува безбедното купувањето на производи. Водичот за играчки направен од страна на НВО - WECF предвидува информација за присуство на опасни хемикалии во играчките и дава практични совети за тоа како може да ги избегнете.
За повеќе информации, посетете ја нашата веб страница www.wecf.eu

## Прашајте!

Ве молиме распрашајте се кај вашите препродавачи на играчки. Тие мора најдоцна во рок од 45 дена да одговорат дали одредена играчка содржи хемикалии. Тоа е ваше право, а со тоа ќе го заштитите здравјето на вашето дете, и ќе влијаете врз производителите! Колку повеќе корисници прашуваат, толку побрзо ќе се промени производствената политика на производителите на играчки. Затоа, Ве молиме продолжете да прашувате.

## Сакате да знаете повеќе или да придонесете кон нашата акција?

WECF води кампања за играчки без опасни хемикалии, и тоа на два ринга - во политичката арена и меѓу производителите на играчки.
www.wecf.eu
WECF Germany, Netherlands, France
Women in Europe for a Common Future
Во Македонија кампањата ја води НВО
- Новинари за права на жени и децат
и заштита на животната средина
Придружете ни се: www.detstvo.org.mk
detstvo@detstvo.org.mk

**www.wecf.eu**

## Општи совети

- Помалку е повеќе! Купувањето помалку играчки има за цел да му даде предност на квалитетот над квантитетот.
- Избегнувајте многу евтини играчки, бидејќи тие често содржат повеќе штетни хемикалии.
- Не купувајте играчка со силен мирис на хемикалии или ароматизирани, ниту пак играчки доколку ако ги чувствувате непријатно на допир.
- За мали деца: бидете сигурни дека малите делови од играчката можат да бидат извлечени надвор и да ги проголта.
- Отворете било нова играчка, и оставете ја некое време надвор за да некои од опасните хемикалии исчезнат.
- Имајте во предвид дека ознаката CE прикажува само согласност со ЕУ регулативата. Тоа е обврска на производителот.
- Доколку ја има кај вас барајте ја германската етикета за безбедност на производот GS. Таа е производ на независна лабораторија за тестирање и покажува дека законските насоки за составот на играчките се применети.
- На веб страната www.healthytoys.org која дава совет од Американскиот Еколошки Центар можете да најдете рејтинг на брендови на играчки, па дури рејтинг и на само една играчка.
- Дознајте повеќе за Етика на потрошувачите и други релевантни извори (видете линкови).

**Легенда**

- Кукли
- Кадифени играчки
- Дрвени играчки
- Пластични
- Уметнички материјали и козметика
- Електронски играчки

**Линкови**
www.wecf.eu
www.projectnesting.org
www.healthytoys.org
www.ethicalconsumer.org/FreeBuyersGuides/babychild/toys.aspx
www.healthyenvironmentforkids.ca

| Кукли | Кадифени играчки | Дрвени играчки | Пластични | Уметнички материјали и козметика | Електронски играчки | Штетни хемикалии | Можни последици |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ■ | | | | ■ | | Анилин | *Многу токсични, канцерогени и мутагени* |
| ■ | | | ■ | | ■ | Бисфенол А | *Го нарушува репродуктивниот и хормонален систем и го зголемува ризикот од рак* |
| ■ | ■ | | ■ | | ■ | Спорогоречки запаллив материјал | *Го нарушува развојот и хормонален систем, токсични за репродуктивниот систем* |
| ■ | | | ■ | ■ | | Кадмиум | *Канцерогени, токсични со инхалација, влијае врз плодноста, го нарушува развојот на мозокот на детето* |
| ■ | | | ■ | | ■ | Парафиниран хлор | *Канцерогени, го нарушува хормоналниот систем* |
| ■ | ■ | | | ■ | | Хром | *Канцерогени, мутагени, токсични: предизвикува сериозни изгореници, влијае врз плодноста* |
| | | ■ | | | | Формалдехид | *Канцерогени, мутагени и токсични за репродукција* |
| ■ | | | ■ | ■ | ■ | Олово | *Канцерогени и влијае врз плодноста. Ефекти врз развојот на мозокот* |
| ■ | ■ | | ■ | ■ | | Нонилфенол | *Го нарушува хормоналниот систем* |
| ■ | ■ | ■ | ■ | | | Органотин | *Канцерогени, го прекршува хормоналниот систем и плодноста* |
| ■ | ■ | | | | | Перфлуоринтирани хемикалии | *Канцерогени, влијае врз плодноста* |
| ■ | ■ | | ■ | | ■ | Фталати (омекнувач) | *Го нарушува развојот и хормоналниот систем, влијае врз плодноста* |
| ■ | ■ | | ■ | | | Триклосан | *Многу токсични за водниот живот, го нарушува хормоналниот систем* |

# Заштитете ги децата – избегнете ги штетните хемикалии!

ВОДИЧ

# Сигурни играчки



**WECF** | Woman in Europe for a Common Future

20.03.2009 10:57:42 Uhr